Г Р А Д С К О П Ј Е

ПРЕДЛАГАЧ:	**Градоначалник на Град Скопје**
ИЗГОТВУВАЧ:	**Сектор за сообраќај** **Одделение за техничко регулирање на сообраќајот**
ПРЕТСТАВНИК:	**Секретар на Град Скопје**
ПОВЕРЕНИК:	**Раководител на Сектор за сообраќај со овластување од градоначалник**

П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СУБВЕНЦИИ НА ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА – СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Скопје, јануари, 2023 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“, бр. 5/02), и член 8-б од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ“ бр.38/96,9/97, 6/02,40/03,49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 89/22) Советот на Град Скопје на _____ седница, одржана на ___.___.2023 година, донесе:

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СУБВЕНЦИИ НА ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА – СКОПЈЕ
ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука, Градот Скопје му дава субвенции на „ЈП Улици и Патишта“ - Скопје и тоа:

- Субвенции за одржување и оперативни трошоци на Центар за управување и контрола на сообраќај во износ од 20.000.000,00 (дваесет милиони) денари;

Член 2

Средствата за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Град Скопје за 2023 година.

Член 3

Оваа одлука влегува на сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Град Скопје‘‘.

Број -
_____2023 година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Трајко Славески

О б р а з л о ж е н и е

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“, бр. 05/02) е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје. Со член 8-б од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ“ бр.38/96, 6/02,40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 и 89/22) уредени се финансиските односи меѓу државата, органите на општините и органите на градот Скопје и јавните претпријатија и друштвата кои вршат дејност од јавен интерес.

Советот на Град Скопје на дваесет и деветтата седница донесе Одлука со број 07-5829/1 на 26.08.2014 година за пренесување на правото и обврските на користење, управување и одржување на објектот Центар за управување и контрола на сообраќај (ЦУКС) и опремата на системот за автоматизирано управување на сообраќајот (САУС) на Јавното претпријатие Улици и патишта – Скопје каде во член 5 на оваа Одлука објаснето е дека Град Скопје презема обврска од својот Буџет да го финансира целокупното функционирање, управување и одржување на објектот Центар за управување и контрола на сообраќај (ЦУКС) и опремата на системот за автоматизирано управување на сообраќајот (САУС).

Центарот за управување и контрола на сообраќајот (ЦУКС) е место од каде што со примена на информатичките технологии и најновите технолошки достигнувања, се овозможува управување и контрола на сообраќајот во реално време во зависност од сообраќајното опроварување.

Главни функции на Центарот за управување и контрола на сообраќајот се:

- Прибирање на податоци за сообраќајот
- Управување и мониторинг на семафорскиот систем
- Визуелен мониторинг на сообраќајот
- Информирање на возачите преку знаците со променлива содржина

Придобивките се во тоа што Јавното претпријатие Улици и патишта ќе може да врши прибирање на податоци за сообраќајот во реално време а исто така може и да управува со светлосните сигнали односно семафорите ќе може да се исклучат или да се префрлат да работат на жолто трепкаво светло од самиот Центар, ќе може да ја следи работатата и состојбата на светлосните сигнали во реално време, ќе може визуелно да го набљудува сообраќајот како и да ги информира возачите за состојбата на патиштата преку знаците со променлива содржина.

Врз основа на погоре наведеното, се прелага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за давање на субвенции на ЈП Улици и патишта – Скопје за 2023 година.